# З А П И С Н И К
## Од Триесет и првата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 20.02.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Триесет и првата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Беким Лачи, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Лазо Трпков, Владимир Палашевски, Миле Гроздановски и Музбајдин Ќамиљи.*

Онлајн присутни: *Маја Седрак и Томислав Кежаровски и Марјан Велевски.*

Други присутни на седницата: *Марјан Цветковски Директор на МРТ, Сашо Богдановски од АВМУ, Ивона Муфишева од АВМУ, Ивона Талевска од МАН, Мишко Талески од Министерство за дигитална трансформација, Влатко Кошевалиски од Онлајнмедиа, Драган Секуловски од ЗНМ, Милан Спировски од ЗНМ, Марина Стојанова Тонева од ССНМ при МРТ, Наталија Зафировска од ССНМ при МРТ, Лејла Шабан од Институт за комуникациски студии, Валентин Попоски од СО при МРТ и Дејан Крајчевски од СО при МРТ.*

Триесет и првата седница на Програмскиот совет започна во 11:05 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Триесет и првата седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Презентација на новиот Предлог-Статут на МРТ и одржување јавна расправа со претставници на еснафски здруженија, медиумски организации и институции со надлежност во областа на медиумите и јавниот радиодифузен сервис**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Презентација на новиот Предлог-Статут на МРТ и одржување јавна расправа со претставници на еснафски здруженија, медиумски организации и институции со надлежност во областа на медиумите и јавниот радиодифузен сервис**

Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски во негово лично име и во име на Програмскиот совет на Македонската радио-телевизија ги поздрави претставниците на еснафските здруженија, медиумските организации и надлежните институции, и им се заблагодари за нивното присуство на денешната јавна седница.

Ова е втора јавна седница на Програмскиот совет, по јавната седница одржана на 04 септември 2025 година, на која Советот најави дека воспоставувањето ваков формат на отворена комуникација со јавноста и релевантните чинители ќе биде дел од пристапот на Програмскиот совет и во иднина.

Како што беше најавено, Предлог-Статутот на МРТ беше објавен на јавна расправа, со цел да се овозможи поширока вклученост на стручната и општата јавност во процесот на негово унапредување.

Токму затоа, оваа јавна седница има особена важност, бидејќи е насочена кон размена на идеи и предлози за унапредување на јавниот сервис, со цел МРТ да продолжи да се развива како независен, модерен и кредибилен јавен сервис во служба на граѓаните.

Целта на Програмскиот совет е ваквите јавни седници да станат редовна пракса, која од една страна ќе овозможи поширока вклученост на релевантните чинители во процесот на унапредување на МРТ, а од друга страна ќе придонесе за поголема транспарентност во работата на Програмскиот совет.

Денешната седница е наменета за презентација на новиот Предлог-Статут на МРТ и очекуваме квалитетна, аргументирана и конструктивна дискусија.

Накратко, Програмскиот совет постапува строго согласно Законот и сите релевантни процедури. Новиот Статут претставува клучен подзаконски акт со кој се создава основа за појасно, пофункционално и правно издржано уредување на работењето на МРТ.

Во Предлог-Статутот, посебно внимание е посветено на појасно уредување на прашањата поврзани со судир на интереси, неспоивост на функции, спречување на политичко и друго недозволено влијание, како и јакнење на гаранциите за уредничка автономија и финансиска самостојност, со цел дополнително зајакнување на институционалната, уредничката и финансиската независност на МРТ. Овие прашања беа предмет и на јавната расправа и претставуваат приоритет во процесот на унапредување на нормативната рамка на јавниот сервис.

Во Предлог-Статутот е вметната и посебна Глава VII – „Стандарди и начела на МРТ“, со што нормативно се зацврстуваат професионалните принципи врз кои се темели работењето на МРТ.

Согласно член 25 од оваа глава, новинарите и уредниците се должни да се придржуваат кон начелото на вистинитост, непристрасност и сеопфатност, политичка избалансираност и плурализам на гледишта, јасна разграниченост меѓу информација и став, почитување на приватноста и достоинството на индивидуата, забрана за поттикнување нетолеранција, како и кон највисоките професионални и етички стандарди во согласност со националните и европските принципи на независно новинарство.

Во таа насока во новиот Предлог-Статут се нотира заложбата на МРТ за континуирана обука и професионален развој на вработените, вклучително и во областа на дигиталните технологии и вештачката интелигенција, како и развој и унапредување на дигитални и онлајн програмски и мултимедијални сервиси, во рамки на јавната мисија на МРТ, во согласност со важечката законска рамка и професионалните и европските стандарди, при што начинот на нивното уредување и функционирање се уредува со посебни внатрешни акти.

Во делот на визуелниот идентитет и логото, Статутот воспоставува јасна рамка со која се утврдува единствениот заштитен знак и единствениот визуелен идентитет на МРТ, додека деталите за формата и употребата се уредуваат со посебен акт. Целта е да се зачува правната сигурност и единствениот бренд на јавниот сервис, а истовремено да се овозможи јазична и писмена адаптација на логото за програмски сервиси што емитуваат програма на други јазици, без тоа да претставува ребрендирање или нарушување на утврдениот визуелен идентитет.

Воедно, со нов член се уредува и заштитата на логото и визуелниот идентитет како индустриска сопственост на МРТ, со што се зајакнува правната заштита од неовластена употреба.

Во однос на употребата на јазиците, се има предвид дека примената на Законот за употреба на јазиците претставува директна и обврзувачка законска обврска за сите институции, вклучително и за МРТ при што Статутот уште појасно се усогласува со важечката законска рамка.

Дополнително, Статутот е усогласен и со важечката законска рамка за финансирање на јавниот радиодифузен сервис, со цел обезбедување финансиска стабилност, отчетност и одговорно управување со јавните средства.

Во однос на прашањата како што се новата, современа и повеќејазична веб-страница, развојот на дигиталните сервиси, унапредувањето на етичката рамка, функционирањето на Етичката комисија и други оперативни аспекти, се нотира дека овие прашања се адресираат и ќе продолжат да се уредуваат преку посебни интерни акти, правилници и кодекси. Целта е Статутот да постави рамка и принципи, без да биде оптоварен со прекумерно детално уредување на прашања кои по својата природа припаѓаат на интерната нормативна сфера.

Во таа смисла само накратко тој потсети на веќе утврдените приоритети на Програмскиот совет, претставени на првата јавна седница, кои остануваат високо на агендата и се релевантни и за денешната дискусија, особено во делот на унапредувањето на програмските содржини. Тие ги опфаќаат технолошката и дигиталната модернизација, зајакнувањето на институционалната автономија и унапредувањето на професионалните стандарди, како предуслови за поквалитетна, поконкурентна и поразновидна програмска понуда. Во тој контекст, примената на современи технологии и нови формати треба да се гледа како средство за унапредување на програмата и нејзино поголемо приближување до публиката, а не како цел сама по себе.

Воедно, медиумскиот плурализам останува суштинска вредност и воспоставена пракса на јавниот сервис и така треба да остане. Јавниот сервис мора да обезбедува простор за различни гласови, ставови и мислења, во служба на јавниот интерес.

МРТ се ориентира кон усогласување со европските и меѓународните стандарди, што подразбира дека јавниот сервис во својата работа и во остварувањето на меѓународна соработка се раководи од директивите на Европската унија, актите на Советот на Европа и меѓународните конвенции кои ги има ратификувано земјата, како и од добрите практики на јавните радиодифузни сервиси од земјите членки на Европската унија. Притоа, не се воведува директна примена на меѓународни акти надвор од домашната правна рамка, туку се потврдува ориентацијата на МРТ кон усогласување со европските и меѓународните стандарди, во согласност со Уставот и националното законодавство.

Како заклучок, Претседателот Давор Пашоски истакна дека прашањата од областа на институционалната независност, транспарентноста, отчетноста, долгорочното планирање и модернизацијата на јавниот сервис претставуваат суштински теми кои дополнително треба да се унапредат. За нивно системско и одржливо решавање, неопходно е отворање поширока јавна дебата и, во иднина, донесување посебен закон за Македонската радио-телевизија.

На крај, тој замоли дискусијата да биде концизна и фокусирана исклучиво на оваа точка од дневниот ред.

Претседателот отвори дискусија.

Прв зема збор зема Драган Секуловски од ЗНМ, кој ја поздрави транспарентноста во процесот на изготвување на новиот Предлог-Статут и оцени дека значаен дел од забелешките доставени од ЗНМ во рамки на јавната расправа се вградени во актуелната верзија, при што посочи дека не е можно сите забелешки да бидат целосно прифатени. Тој даде дополнителни сугестии кои се однесуваат на зголемена вклученост на јавноста (вклучително и стриминг на одредени активности на веб-страницата на МРТ), можност за проширување на одредбите за избор на Директор и Заменик-директор, предвидување мерки при пречекорување на статутарните одредби, како и потреба од уредување на постапување во случаи на намерни или ненамерни објави на интернет-страницата на МРТ. Дополнително, укажа на значењето на етичка рамка и механизми за жалби, поголема транспарентност и отчетност, полесна достапност и пребарливост на документите на веб-страницата, поголема флексибилност во делот на финансиските гаранции и стратешкото планирање, при што како посебено важна ја истакна потребата од прецизирање во новиот Статут и предвидување одредби за уредничка автономија и поголема формална слобода на уредниците при избор на програмски содржини.

Во однос на изнесените сугестии, Претседателот на Програмскиот совет истакна дека дел од нив се веќе имплементирани во Предлог-Статутот, додека за одредени прашања е потребно системско уредување преку посебен закон за МРТ. Воедно, тој посочи дека Етичкиот кодекс претставува важен сегмент за МРТ и дека ова прашање ќе биде предмет на понатамошна дискусија во блиска иднина.

Потоа зема збор Директорот на МРТ Марјан Цветковски, кој рече дека во врска со веб страната на МРТ, односно во делот на пребарување на документи, моментално се работи на истото и се очекува за брзо време да биде средено.
Понатаму, уредничката независност е детално објаснета во правилникот за набавка на програмски содржини, како интерен акт на МРТ.

Следмо повторно зема збор Драган Секуловски од ЗНМ, кој информираше дека Етичкиот кодекс за новинарите и медиумите во Македонија е во процес на ревизија, при што новата верзија опфаќа и прашања поврзани со дигиталното медиумско унапредување, вештачката интелигенција, инфлуенсерите и слично. Во таа насока, тој посочи дека во рамки на проектни активности на ЗНМ и МИМ како партнери ќе биде изготвена и анализа во однос на Етичкиот кодекс на МРТ, со цел да се утврди во која насока и со кои содржини истиот треба да се унапреди.

Понатаму збор зема Марина Стојанова Тонева од ССНМ при МРТ, која рече дека и самиот синдикат учествувал со мислења и сугестии на новиот Предлог-Статут на МРТ и дека имаат дополнителни сугестии кои ги истакна Наталија Зафировска од ССНМ при МРТ.

Во таа смисла Наталија Зафировска предложи дополнувања на одредби од Предлог-Статутот кои се однесуваат на: зајакнување на правилата за конфликт на интереси кај органите и раководството на МРТ; донесување посебен акт со кој ќе се утврди буџетот и процентуалното

учество на европски аудиовизуелни дела по програмски сервиси; прецизирање на условите за избор на Директор и Заменик-директор на МРТ; како и уредување на постапката за избор на програмски содржини по јавен конкурс преку комисија со стручни лица од областа на телевизиската продукција.

На ова реплицираше Директорот на МРТ Марјан Цветковски, кој рече дека во однос на процентот, во Законот стои 10%, како и дека одредбата во врска со условот за високо образование за Директор и Заменик-директор е усогласена со законските решенија. Понатаму, Комисијата за набавка на аудио и аудиовизуелни дела е утврдена согласно правилникот за набавка на програмски содржини и дека Одговорните Уредници се членови на комисијата, воедно тоа е лично право на Уредникот и истите имаат надлежност да се консултираат со продуценти, сценаристи, техничари и слично.

Следен зема збор Валентин Поповски од СО при МРТ, кој рече дека се надева овој Статут е привремен, а набрзо би се донел нов Закон за МРТ. Тој исто така рече дека во делот судир на интереси се наведени само Директорите на Телевизија и Радио, но во МРТ има плус Директори кои не се спомнати во Статутот и тоа треба да се уреди. Воедно имаше прашање зошто Записниците од седниците на Советот се објавуваат за подолг временски преиод, кога треба да се објавуваат во рок од седум дена.

На ова даде одговор Директорот на МРТ Марјан Цветковски, кој рече дека секој Записник се усвојува на секоја следна седница на Програмскиот совет, а по усвојувањето на истиот, треба да се објави на Веб страната на МРТ во рок од седум дена.

Понатаму продолжи Валентин Поповски кој рече дека според него Предлог-Статутот е во ред, но треба да се обрне внимание кога ќе се изготвува новиот закон за МРТ. Воедно, тој истакна дека Етичкиот кодекс како што е досега е во ред, дека треба да се дополни со новото дигитално време, но основата е таа и како таква треба да остане.

Потоа збор зема Мишко Талески од Министерството за дигитална трансформација кој истакна дека е за поздрав чекорот за транспарентност и дека тие како Министерство немаат надлежност да вршат надзор на работењето на МРТ и дека е добро тоа што го прават еснафските здуженија со сугестии кои се вметнуваат во Предлог-Статутот.
Тој спомена дека во делот за финансирање на МРТ, таксативно е наведено како се врши финансирањето, но треба да се додаде уште едн став во делот на капиталните инвестиции, како дополнително би се земале предвид тие механизими.
Дополнително, информираше дека Министерството работи на изработка на Стратегија за развој на медиумите, во чии рамки ќе биде опфатен и јавниот радиодифузен сервис, а која се очекува да биде финализирана до крајот на годината. Во таа насока, посочи дека во рамки на Стратегијата ќе се согледуваат реалните потреби на МРТ и ќе се спроведе сеопфатна анализа, со цел утврдување на најсоодветните чекори за понатамошен развој и унапредување на јавниот сервис.

На крај збор зема Сашо Богдановски од АВМУ, кој укажа на неколку забелешки кои треба да се изменат во Предлог-Статутот, како и тоа дека треба да се прошири уредувачката политика.

Претседателот на Програмскиот совет се заблагодари на еснафските здруженија, медиумските организации и институциите за учеството и конструктивната дискусија на денешната јавна седница на Програмскиот совет на МРТ.
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски ја затвори Триесет и првата седница во 11:57 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-1157/2
20.02.2026г.

________________________
Давор Пашоски